# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 18/2023
## 23.11.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање , изградба, финансирање , стопанисувањље и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање , изградба, финансирање , стопанисувањље и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.11.2023** година.

**Бр.09- 848/1**
**23.11.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 21-а ст.1 и 3; член 38 ст.1 ал.1 и 3 и ст.2; и член.54 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.153/19 и 261/19) и член 114 ст.1 ал.2 и 7 од Законот за јавни набавки (Службен весник бр.24/2019; 87/2021), )., член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11 , 09/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **22.11.2023** година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино**

1.Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино спроведена согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино бр.02-360/2 од 05.08.2021 година.

2.Постапката за доделување на договор воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино **СЕ ПОНИШТУВА** согласно член 38 ст.1 ал.1 и 3 и ст.2 Закон за концесии и јавно приватно партнерство и член 114 ст.1 ал.2 и 7 од Законот за јавните набавки, а воедно и фактот дека на одлуката за избор на најповолна понуда со број 02-510/4-1 од 26.11.2021 година донесена од управниот одбор на Ј.П Комуналец Неготино не е дадена согласност од страна на основачот, согласно член 21-а ст.1 и 4 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство.

3.Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала

хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино бр.02-360/2 од 05.08.2021 година.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По објавената постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино број 02-424/1 објавен на страницата на Биро за јавни набавки од 27.09.2021 година доставена е една понуда од страна на ДПООТУ РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ Кавадарци и ДПТУ ХЕМ-АЛИЈАНС ДООЕЛ Неготино која од страна на Управниот одбор на ЈП Комуналец Неготино на седница одржана на ден 26.11.2021 година со 5 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“ донесена е Одлука за избор на најповолен понудувач со број 02-510/4-1 во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино број 02-424/1 објавен на страницата на Биро за јавни набавки од 27.09.2021 година.

На ден 26.11.2021 година Одлука за избор на најповолен понудувач, согласно член 21-а ст.4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е доставена до основачот (Советот на Општина Неготино) со цел давање на согласност на истата. Советот на Општина Неготино нема дадено согласност на оваа Одлука.

На ден 14.06.2022 година година од страна на Државната комисија за спречување на корупција доставено е Известување за донесена Одлука и укажување за повторување на постапката бр.12-1423/11 од 17.05.2022 година, согласно кое било укажано од неопходноста за повторување на постапката,утврдување на нови критериуми кои ќе бидат во согласност со сите законски регулативи кои ја допираат сферата на проектирање, градење, стопанисување со мали хидроцентрали, а од причина што поставените критериуми во тендерската документација не упатуваат дека истите се во насока на квалитетно и ефктивно исполнување на целите на јавно приватно партнерство – градење на мала хидроцентрала и оставаат сомнеж дека истите се прилагодени за фаворизирање на одредени фирми.

На ден 23.06.2022 година УО на ЈП Комуналец Неготино донесе одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино бр. 02-338/7. Против оваа

одлука од страна на избраниот понудувач е поднесена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки која се решение бр.11-543/8 од 07.09.2022 година ја одби жалбата како неоснована.

Против вака донесеното решение, од страна на најповолниот понудувач беше поведена управна постапка, по која Управниот суд на РСМ на ден 26.12.2022 година донесе Пресуда У-6.бр.866/22 со која тужбата ја уважи и Решението бр.11-543/8 од 07.09.2022 година на државната комисија за жалби по јавни набавки го поништи и одлучи дека „жалбата на најповолниот понудувач се уважува и Одлуката за поништување на Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино бр. 02-338/7 од 23.06.2022 година се поништува и предметот се враќа на повторно одлучување на концедентот“.

Постапувајќи во повторената постапка, врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Концедентот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука од следните причини:

Согласно член 8 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е предвидено дека постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се спроведува во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

Согласно член 21-а ст.1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е предвидено дека Концедентот или јавниот партнер партнер е должен да донесе одлука за избор на најповолна понуда или одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во рок од 30 дена, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите. Во ставот 3 на овој член е предвидено дека, кога концедент или јавен партнер е општината,градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје.

Согласно член 15 ст.1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е предвидено дека Одредбите од Законот за јавни набавки кои се однесуваат на постапките за доделување на договори за јавна набавка на работи и договори за јавна набавка на услуги соодветно ќе се применуваат и на постапките за доделување на договори за воспоставување на јавно приватно партнерство, освен доколку тоа поинаку не е утврдено со овој закон.

Согласно член 38 ст.1 ал.1 и 3 Концедентот ќе ја поништи постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, ако: се дознаат такви околности, кои доколку би биле познати пред започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес не би се објавил јавниот повик за доделување на концесијата, или јавниот повик суштински би се разликувал или нема доставено ниту една прифатлива понуда, во ст.2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е предвидено дека

Концедентот може да ја поништи постапката за доделување на коннцесија на добра од општ интерес ако до истекот на рокот за доставување на понуди пристигне само една понуда, односно во текот на евалуацијата на понудите остане само една прифатлива понуда.

Во овој случај е доставена само една понуда и истата има содржина која што не е прифатлива, односно доставена е неприфатлива понуда, а имајќи го предвид правното сфаќање на Управниот суд, за кое е врзан концедентот, согласно член 38 ст.1 ал.1 и 3, и ст.2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, предвидено е дискреционо право на Концедентот да ја поништи оваа постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на Општина Неготино, бидејќи е доставена само една понуда и доставена е таква понуда која што е неприфатлива за Концедентот.

Согласно член 114 ст.1 ал.2 и 7 од Законот за јавни набавки е предвидено дека договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако: не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда, како и поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

Од доставената Одлука бр.12-1423/11 од 17.05.2022 година се утврди дека е добиено укажување од страна на Државната комисија за спречување корупција од неопходноста за повторување на постапката, утврдување на нови критериуми кои ќе бидат во согласност со сите законски регулативи кои ја допираат сферата на проектирање, градење, стопанисување со мали хидроцентрали, а од причина што поставените критериуми во тендерската документација не упатуваат дека истите се во насока на квалитетно и ефективно исполнување на целите на јавно приватното партнерство – градење на мала хидроцентрала и оставаат сомнеж дека истите се прилагодени за фаворизирање на одредени фирми. Овој став на Државната комисија за спречување корупција упатува на тоа дека со вака определените критериуми од страна на Концедентот се повредени начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност ефикасност, еднаков третман.

Имајќи го предвид овој став на Државната комисија за спречување корупција, јасно е дека е наметната потребата да се поништи оваа постапка и да се подготви нова тендерска документација која нема да биде прилагодена за фаворизирање на одредени фирми туку ќе овозможува поголема конкуренција. Од ова јасно произлегува дека од објективни причини се промение потребите на договорниот орган, односно на концедентот.

Согласно член 21-а ст.4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, кога јавен партнер е еден од субјектите од членот 4 точка 5 алинеи 3 и 4 од овој закон, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува органот на управување, а на истата согласност дава основачот. Во овој случај по донесување на одлуката за избор на најповолна понуда со број 02-510/4-1 од 26.11.2021 година од страна на УО на ЈП Комуналец Неготино, на оваа одлука од страна на основачот не е дадена согласност како што е предвидено во Законот за

концесии јавно приватно партнерство и од таму произлегува дека ваквата одлука не произведува правно дејство

Поради се погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино.

**Бр.08-841/3**
**22.11.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Гордана Јованова с.р.**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 18/2023**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање , изградба, финансирање , стопанисувањље и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино**

2. **Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање , изградба, финансирање , стопанисувањље и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино**